студентско

# ехо

БРОЈ 26, ДЕКЕМВРИ 2024
БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

## 2025

## СРЕЌНА

## Нова Година



## СОДРЖИНА:


4. СРЕЌНА НОВА 2025 ГОДИНА
6. ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ЕПИЦЕНТАР НА АКАДЕМСКИ (НАУЧНИ) СЛУЧУВАЊА
7. П Р И З Н А Н И Е НА ПРОФЕСОРОТ ТОДОР СЕРАФИМОВСКИ
8.НТЕРВЈУ СО НОВОИЗБРАНАТА ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА УНИВЕРЗИТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ ПРИ УГД-ШТИП, СТАНЕЛА ГАЦОВА
11. ГАЈДАТА ОД МАКЕДОНИЈА
12. ПРОФЕСОРОТ ГАЛЕ ГАЛЕВ ОДРЖА ПРЕДАВАЊЕ
14. ДОДЕЛЕНИ ПРИЗНАНИЈА НА ПРОФЕСОРИ НА УГД
15. АЛИЈАНСА НА УНИВЕРЗИТЕТИ
18. ИЗБРАН НОВ СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА УГД-ШТИП
19. НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРОМОВИРАНИ ДВЕ КНИГИ
22. ДВАЈЦА ДОБИТНИЦИ НА ИНЖИНЕРСКИ ПРСТЕН ОД УГД
23. ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА ФАКУЛТЕТИТЕ
28. ПРЕДНОВОГОДИШНА ХУМАНИТАРНА АКТИВНОСТ НА УСС НА УГД
31. ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ПРИЈАТЕЛ ИЛИ НЕПРИЈАТЕЛ НА МЛАДИТЕ
32. ШТИП БЛЕСНА ВО ИЛЈАДА БОИ
39. БОГОРОДИЧНА ЦРКВА ВО ПАРИЗ ПОВТОРНО ОТВОРЕНА ЗА ПОСЕТИТЕЛИТЕ
48. ОДВОЈКАРСКИОТ КЛУБ УГД ГО ОСВОИ КУПОТ НА МАКЕДОНИЈА


## ИМПРЕСУМ:


**„Студентско ехо“ 26**
**Студентско списание**
**Катедра по новинарство и односи со јавноста**
**Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев“**
**Првиот број на списанието излезе во декември 2011 година (основач на списанието е проф.д-р Сузана Џамтоска – Здравковска со студентската генерација 2010-2011)**

**Главен и одговорен уредник:**
**проф. д-р Андон Мајхошев**

**Графички уредник и фотографија:**
**Александар Максимов**

Списанието излегува четири пати во текот на една студиска година и бесплатно се дистрибуира во сите наставни центри на Универзитетот. Целокупниот тираж е овозможен од Студентскиот парламент на Универзитетот и е бесплатен за сите читатели.

Контакт адреса:
studentskoeho@gmail.com
facebook.com/studentskoeho

# СРЕЌНА НОВА 2025 ГОДИНА

***Празниците доаѓаат, а новогодишната еуфорија се загрева. По градските улици се забележува голема врева и раздвиженост. Граѓаните се заразени со потршувачка грозница. На улиците е пристигнат и омилениот Дедо Мраз, кој се ракува со дечињата, но им дарува и скромни подароци. Подароците од него го зголемува расположениeто на децата и нивните родители. Улиците и излозите на продавниците се украсени во различни бои. Во севкупниот новогодишен амбиент доминантно место имаат и новогодишните елки кои се поставени на најфреквентните улици и плоштади. Дедо Мраз со звуците на своето ѕвонче го свртува вниманието на многубројните минувачи и го зборатува севкупниот декор по улиците. Тој е дел од градските улични приказни и забави, а тој е и најглавната ѕвезда со која сите се фотографираат.***

***Последниот месец од годината е месец кога правиме пресек на личните доживувања, но, кроиме и планови за идната година. Ја испраќаме 2024 година со различни лични чуства и емоции. За едни беше успешна, а за други помалку успешна. Новата 2025 година е нова надеж за сите нас. Да ги оставиме непријатните моменти од старата и да свртиме нов лист во Новата година. Среќна Нова 2025 година на сите. Годината да донесе мир секаде во светот. Звуците на оружјето да престане, а радоста да пристигне во секој дом.***



# ДЕКЕМВРИ ВО ЗНАК НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ

## ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ЕПИЦЕНТАР НА АКАДЕМСКИ (НАУЧНИ) СЛУЧУВАЊА

**На УГД секојдневно се случуваат многу настани. Последниот квартал од 2024 година беше во знакот на Правниот факултет. На факултетот беа одржани неколку настани кои произлегоа од имплементирање на проектни активности, промоција на книги, тренинг обуки на студенти, предавања и др. Поради ова, ПФ беше академски епицентар на многу случувања на Универзитетот.**


















Во октомври започна циклус на онлајн предавања на тема “Одржливост и право”, а предавачи беа професори од УГД-Штип и Универзитетот од Мишколц, Унгарија.
Во ноември се одржаа неколку активности. Најпрво беше промовирана книгата “Антидискриминационо право” од проф. д-р Лазар Јовевски од Универзитетот “Кирил и Методи”-Скопје, проф. д-р Жанета Поповска, насловен вонреден проф. од Универзитетот “Гоце Делчев”-Штип и проф. д-р Јулиус Ростас од Литванија, кој има афилијација од повеќе универзитети.
Катедрата Аденауер и Правниот факултет на УГД во ноември организираа дебата на тема “Регионална соработка и европска интеграција – Агенда на ЕУ за Западен Балкан”, додека на 27. ноември, Правниот факултет беше домаќин на гости предавачи од Србија и Република Српска, Босна и Херцеговина.
На 04. декември на Правниот факултет, се одржа промоција на две научни книги: “Млади, миграции и образование” и “Непланираното дете на Европа-Македонија како дел од Источното прашање во 19 век и евроатланските интеграции во 21 век”. Академските активности на ПФ продолжија со предавањето на проф. д-р Гале Галев, за односот на Облигационо право и природните права на човекот. Наредниот ден (05. Декември) се одржа симулација на постапката пред Европскиот суд за човекови права на која учество зедоа студенти и професори од Факултетот.
На 18.12. се одржа трибина на тема “Право на здрава животна средина” на која студентите преку анализа на посебни студии на случаи од оваа област ги преставија своите трудови и истражувачки резултати. Во рамките на настанот беа презентирани судски пресуди од областа на заштитата на животната средина, климатските промени, имплементацијата на Архуската конвенции во Македонија и др. На 20.12. се одржа предавање.
Сите наведени активности потврдуваат дека последниот квартал од 2024 година, Правниот факултет беше епицентар на повеќе академски случувања кои оставија значаен белег во севкупните активности на Универзитетот “Гоце Делчев”.



# П Р И З Н А Н И Е

## на професорот Тодор Серафимовски



**Професорот Тодор Серафимовски од ФПТН при УГД од неодамна се пензионира. Тој, има голема заслуга за развој на Рударско-геолошкиот факултет и основањето на Универзитетот “Гоце Делчев”. На крајот од неговата професорска кариера, тој, го раководеше Националниот совет за високо образование на Македонија. За неговите заслуги за развој на високото образование во државата, министерот за образование и наука Јетон Шаќири му додели Плакета. На професорот Тодор Серафимовски јавно му упатуваме честитки за признанието, а воедно му посакуваме среќно пензионирање и долг живот.**

# ИНТЕРВЈУ СО НОВОИЗБРАНАТА ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА УНИВЕРЗИТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ ПРИ УГД-ШТИП, СТАНЕЛА ГАЦОВА

**Станела Гацова е студентка на 4та година на Факултетот за информатика. Таа е одлична студентка која има просек од 9.30. На претходните избори за претседател на Студентското собрание на УГД за малку не ја доби довербата од делегатите. По само една година, Станела ја доби целосната доверба од студентите и стана претседтелка на Универзитетското студентско собрание. Таа активно учествува во креирањето на младинските политики на Универзитетот. Својата иднина ја гледа во Македонија на својата струка. Во продолжение во целост го даваме Интервјуто со Станела Гацова.**

**Студентско Ехо. Ве молиме во кратки црти претставете се на пошироката академска и студентска заедница на УГД-Штип. Која е Станела Гацова и каде се гледаш во иднина?**

Јас сум студент на 4та година на Факултетот по информатика и во моментот ја извршувам функцијата претседател на Универзитетското студентско собрание. Улогата која ми ја доверија студентите, ќе се трудам максимално да ја оправдам, ќе бидам глас на сите студенти и ќе ги поддржувам и ќе ги застапувам нивните интереси. Мислам дека е важно да се создаде заедница каде што секој ќе се чувствува вклучен во процесот на одлучување и каде што ќе може да ги изрази своите идеи и потреби. Гледајќи кон иднината, се гледам себеси како некој кој ќе продолжи да се занимава со технологија и иновации. Сакам да придонесам за развој на ИТ индустријата и да работам на проекти кои ќе имаат позитивно влијание врз општеството. Исто така, планирам дополнително да се вклучам во студентски иницијативи и да ги инспирирам другите да се борат за своите права и можности. Верувам дека преку заедничка работа и соработка можеме да создадеме подобри услови за сите студенти и да им овозможиме да ги остварат своите соништа. Мојата визија за иднината е да бидам лидер кој инспирира промени и придонесува за развој на образованието и технологијата.

**Студентско Ехо: Која е твојата визија за развојот на УГД?**

Секоја индивидуа, како што има уникатни карактеристики, така носи и сопствена визија за иднината. Во мојата визија за развојот на УГД, се фокусирам на подобрување на комуникацијата меѓу студентите и факултетот. Верувам дека е неопходно да се создаде динамична и достапна платформа каде што студентите ќе можат слободно да ги изразат своите идеи, предлози и проблеми. Преку редовни состаноци со претставници на факултетот и организирање работилници за размена на идеи, можеме заеднички да градиме решенија и да ги унапредиме студентските искуства.
Дополнително, ја нагласувам важноста на соработката меѓу студентите од различни факултети. Визирам настани и проекти кои ќе ја поттикнат интердисциплинарната соработка, размената на идеи и заедничката работа, со што ќе изградиме посилна, пообединета академска заедница која ќе инспирира иновации и развој.
Исто така, мојата визија вклучува активно залагање за менталното здравје на студентите. Верувам дека е клучно да се обезбедат соодветни ресурси и поддршка за студентите кои се соочуваат со стрес, анксиозност или други предизвици за време на нивното образование. Преку едукативни кампањи, советодавни услуги и програми за поддршка, Универзитетот може да стане вистински дом за своите студенти.
Во иднина, го гледам УГД како место каде студентите ќе се чувствуваат поддржани, ангажирани и мотивирани да ги достигнат своите највисоки потенцијали. Како претседател на УСС, мојата цел ќе биде да го остварам ова преку заложби за подобрување на квалитетот на студентскиот живот и градење на заедница која инспирира успех.

**Студентско Ехо: Од твоја денешна перспектива како го замислуваш УГД по една деценија?**

Од денешна перспектива, Универзитетот „Гоце Делчев" по една деценија го замислувам како развиен центар за иновации, знаење и технолошки напредок. Како студент по информатика, веќе сум сведок на технолошки достигнувања кои некогаш беа само плод на имагинацијата и теми од научнофантастичните филмови, а денес се наша реалност.
Ако светот продолжи со овој интензивен континуитет на технолошкиот развој, тешко е да се предвиди каде точно ќе стигне науката и технологијата. Сепак, можам да замислам дека нашиот универзитет ќе функционира како платформа каде што вештачката интелигенција, виртуелната реалност и автоматизираните системи ќе бидат интегрирани во секојдневното учење и истражување.
УГД ќе биде место каде што студентите нема само да учат за иднината, туку и активно ќе ја создаваат. Со напредни лаборатории, глобални соработки и иновативни програми, нашиот универзитет ќе биде предводник во обликувањето на новите генерации кои ќе ги носат одговорите за предизвиците на утрешниот ден.

**Студентско Ехо: Во каква состојба го затекнуваш Универзитетското студентско собрание на УГД?**

Што се однесува до Студентското Собрание при УГД јас како претседател а повеќе како член дојдов во друштво на активни членови кои се ангажирани и вклучени во одлучувањето. Претходниот претседател ми остави во наследство позитивни промени и иницијативи кои го подобрија студентскиот живот и овозможија подобра комуникација меѓу студентите и администрацијата. Исто така, би било важно да се промовира различноста и вклученоста, така што сите студенти имаат еднакви шанси да бидат слушнати и да учествуваат во процесите на донесување одлуки.



**Студентско Ехо: Како ја оценувата моменталната состојба со студентското организирање на УГД и во нашата држава генерално?**

Ситуацијата на студентите во нашата земја стана многу сложена во последните неколку години. Многу студенти се соочуваат со финансиски тешкотии, што го отежнува пристапот до образованието. Исто така, квалитетот на образованието варира во зависност од Институција, која може да влијае на нивните идни можности за вработување.
Од друга страна, општата состојба во земјата остава многу загонетна и тешко решлива подлога, студентите често се чувствуваат како дел од еден поширок контекст на неизвесност, во кој нивните напори за личен и академски напредок изгледаат како мали искри на светлина во огромна темнина на системска неодреденост.
Во суштина се потребни повеќе инвестиции во образованието и поддршката на младите за да се создадат подобри услови за нивно напредување и придонес во општеството.

**Студентско Ехо: Во која насока ќе се движат активностите на Универзитетското собрание на УГД?**

Активностите на универзитетското собрание суштински ќе бидат насочени кон подобрување на студентскиот живот и образование. Со оглед на моменталната состојба на студентите, може да се очекува фокус на подобрување на условите за учење, како и поголем ангажман во решавањето на проблемите поврзани со финансиската поддршка, менталното здравје и достапноста на ресурсите.
Очекувам дека активностите ќе се движат кон зајакнување на студентската солидарност и поголема соработка помеѓу различните факултети и организации.



**Студентско Ехо: Како и на кој начин Универзитетските единици, односно факултетските собранија влијаат врз креирањето на младинските политики во нашата држава?**

Универзитетските единици и собранијата на факултетите играат клучна улога во обликувањето на младинските политики во земјата. Тие служат како платформа за изразување на ставовите на студентите, овозможувајќи им да бидат активно вклучени во процесите на донесување одлуки. Со организирање на различни активности, како што се дебати, работилници и семинари, овие единици можат да ја подигнат свеста за важни прашања кои ги засегаат младите.
Исто така, Универзитетските единици можат да дејствува како посредник меѓу студентите и институциите, пренесувајќи ги нивните барања и предлози. Преку соработка со невладини организации и други институции може да се развијат програми и иницијативи кои директно влијаат на подобрување на условите за студентите и младите во општеството.

**Студентско Ехо: Која е твојата порака до студентите во престојната 2025 година?**

Мојата порака до студентите за 2025 година би била да останат љубопитни, отворени за нови знаења и искуства и активно да учествуваат во обликувањето на нивната иднина. Користете ги вашите гласови и можности за да придонесете позитивни промени во општеството и да се борите за вашите права. Не заборавајте дека суштината на човечкото постоење лежи во силата на заедништвото и меѓусебната поддршка. Како што реките го наоѓаат својот пат преку сплотеност на капките, така и успехот се раѓа од колективните напори и синергијата меѓу поединците. Бидете храбри во вашите визии и истрајни во своите чекори, зашто токму преку заедничкото дејствување се обликуваат патиштата кон возвишените цели.

**Студентско Ехо: Дали нешто не те прашавме, а сакаш да го споделиш со студентите од УГД и пошироката јавност?**

На студентите од УГД, како и на пошироката јавност, им порачувам дека знаењето не е крајна станица, туку патека што постојано се гради. Бидете прашувачи, истражувачи и создавачи, бидејќи во тоа лежи суштината на прогресот. Ако верувате во мене, тогаш и јас ќе верувам во подобро утре. Зашто токму во заемната верба, во споделената надеж и во заедничките чекори напред се крие силата да го обликуваме светот во кој сите сонуваме да живееме. Вашата иднина зависи од вас, а промената започнува денес и од поединецот.

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

# ГАЈДАТА ОД МАКЕДОНИЈА Е ВПИШАНА НА РЕПРЕЗЕНТАТИВНАТА ЛИСТА НА НЕМАТЕРИЈАЛНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА УНЕСКО

По седум години, Македонија повторно доби заштитено културно добро на Репрезентативната листа на УНЕСКО. Меѓувладиниот комитет на УНЕСКО, на седницата одржана во Асунсион, Парагвај на 04.12.2024 година одлучи културното добро "Традиционална изработка и свирење на гајда" да се запише во Листата на нематеријалното културно наследство на УНЕСКО. Овој чин е големо признание за Македонија како културен и етнички простор со што се потврдува и заштитува македонскиот идентитет преку овој народен инструмент.

Гајдата како фолклорен и народен инструмент речиси е пред исчезнување. Ова подразбира дека се помалку има млади се заинтересирани да го изучуваат свирењето на овој древен народен инструмент. Проф. Горан Ангелов од Катедрата за народни инструменти при Музичката акедемија на УГД е еден меѓу последните музиколози што го негува и предава народниот инструмен. Од Парагвај пристигна прекрасна вест, дека традиционалната изработка и свирење на гајда е запишана во репрезентативната Листа на нематеријално културно наследство на УНЕСКО.

Гајдата како народен инструмент е препознатлив за фолклорното и културното поднебје на Македонија и пошироко на Балканот. Професорот Ангелов е виртуоз и амбасадор на овој инструмент во Македонија, на Балканот и пошироко. Со голема љубов и ентузијазам создава звуци со кои ги маѓепсува љубителите на звуците на гајдата. Тој беше вклучен во подготовката на материјалот потребен за УНЕСКО.

-Целата текстуална подготовка за народниот инструмент гајда го подготвија експертски тим од нашата држава. Гајдата е културен идентификатор на македонскиот народ. Овој инструмент е древен, а изработката е специфична и тешка. Нема прецизни податоци за присуство на гајдата во Македонија, тој е уникатен инструмент кој опстојува на овие простори со векови. За мене гајдата е инструмент оркестар/симфонија. Пеце Атанасовски е најзаслужен за одржување подмладокот на овој инструмент, а јас и многу други гајдаши се негови современици - изјави Ангелов

Номинацијата беше подготвена со меѓусебна координација на македонскиот тим, составен од претставници од Управата за заштита на културното наследство и од Институтот за фолклор „Марко Цепенков" од Скопје, и експертскиот тим на Министерството за култура и туризам на Република Турција. Во подготвувањето и пишувањето на апликацијата за потребите на УНЕСКО најзаслужни се: Проф. д-р Велика Стојкова-Серафимовска, УНЕСКО-ов лиценциран експерт за нематеријално културно наследство; проф. д-р Драган Даутовски, УНЕСКО-ов уметник, ФМУ - Скопје; проф. д-р Горанчо Ангелов, УГД - Штип; Фестивалот на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски" - Долнени, Прилеп; Стојанче Костовски, кавалџија од НУ Ансамбл за народни игри и песни на Македонија „Танец".

Која беше улогата на проф. Горан Ангелов?

Мојата улога во целокупниот процес за заштита на македонската гајда како нематеријално културно наследство на Р. Македонија беше да обезбедам бројни носители на гајдаџиската инструментална традиција што беше предуслов да ова нематеријално културно наследство влезе во првата фаза како нематеријално културно наследство на УНЕСКО. Пронајдов практикувачи, односно свирачи на гајда од различни генерации и од различни региони на Р. Македонија, со што обезбедиме гајдаџии кои ја практикуваат гајдата како инструмент и гајдаџиската музика. Исто така, обезбедивме и изработувачи на гајди, што беше важен предуслов за апликацијата, бидејќи од фундаментално значење беше и изработката на гајдата и нејзините составни делови како предуслов за одржување и продолжување на гајдаџиската инструментална традиција.

Покрај изработувачите на инструменти, во овој процес своја улога имаат и самите свирачи на инструментот-гајдаџии. Тие ја истакнуваат звучанта страна на инструментот и неговите тонски можности кои секогаш се прилагодени на традицијат од која произлегуваат и во регионот во кој се употребуваат. ...Како македонската гајда и слични на неа има во многу региони во светот, но, нашата, македонска гајда се издвојува според својот спцифичен тонски израз (тембар)- изјави проф. д-р Горанчо Ангелов

Да се потсетиме. Досега на Репрезентативната листа на нематеријалното културно наследство на УНЕСКО од Македонија се впишани: вековниот народен обичај "Четрсе" кој се практикува на празникот Свети 40 маченици (2013) во Штип, соборското оро "Копачки" (2014), кое се практикува во Пијанечкиот регион, "Гласоечкото машко двогласно пеење" кое се практикува во Долни Полог (2015), празникот "Едерлези" (2017) како празник на Македонија и Турција.



# ПРОФЕСОРОТ ГАЛЕ ГАЛЕВ ОДРЖА ПРЕДАВАЊЕ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ НА УГД

**На 04.12.2024 година на Правниот факултет во Штип престојуваше Гале Галев, професор по Облигационо право. Тој, пред студентите одржа многу интересно предавање. Целиот работен век го помина на Правниот факултет при УКИМ-Скопје. Освен на УКИМ, проф. Галев во првите години од неговото основање беше дел од наставниот кадар на Правниот факултет во Штип каде работеше како професор се до создавање на подмладок кој успешно го замени.**



Професорот Галев, на покана од Катедрата по граѓанско право на ПФ на студентите од втора година одржа предавање за односот на Облигационо право и природните права на човекот. По завршувањето на неговото предавање, тој присуствуваше и на промоција на две книги од професори на ПФ. Неговиот престој на Факултетот предизвика радост и симпатии кај неговите помлади колеги кои беа негови студенти на ПФ на УКИМ во Скопје. По завршување на промоцијата на книгите имавме неформалното дружење кое помина во срдечна атмосфера. Забележливо беше дека поранешните негови студенти, а сега професори на Правниот факултет во Штип со внимание ги слушаа искуствата на проф. Галев од повеќе сегменти на равојот на државноста на Република Македонија, високото образование, но и развојот и напредокот на УГД во секој поглед.

*„За мене професорот д-р Гале Галев претставува повеќе од професор – тој е учител за животот, професионалната работа и човековите вредности. Имав чест да го запознам најпрво како мој професор на факултет, потоа како ментор на магистерскиот труд и докторатот, и конечно како личност од која учев и соработував како асистент. Неговото знаење, посветеност и несебична поддршка оставија траен белег врз мојот личен и професионален развој.*

*Професорот Галев е пример за тоа што значи вистински член на академската заедница и човек со исклучителни морални и професионални вредности. Од него научив што значи љубовта кон студентите, негувањето на нивниот потенцијал и стремежот кон највисоките идеали. Неговата работа и односот кон науката и професорството се инспирација за мене и идеал кон кој се стремам.*

*Би сакала да им порачам на сите студенти дека во своите професори може да пронајдат не само ментори, туку и луѓе кои со своите вредности и примери ќе им помогнат да станат подобри професионалци и личности"-* **изјави проф. д-р Марија Амповска.**





Во меѓувреме контактиравме студенти од првите генерации на Правниот факултет на кои професорот Галев им предаваше Облигационо право. Нив ги прашавме што мислат за проф. Галев како професор. Тие со возбуда и идентични зборови го опишаа професорот.

-Ние сме студентки од првите генерации на Правниот факултет. Проф. Галев ни предаваше Облигационо право. Имаше учителски и етички пристап во предавањата. Го обожававме како професор, бидејќи беше лесно пристапен, питом, едноставен и, што е најважно за нас студентите, тој беше одличен предавач/експерт кој умееше на едноставен начин и преку примери од практиката да го пренесе знаењето на студентите. Тој поседува неверојатен карактер на професор со голема извонредност со кој ги плени студентите да присуствуваат на неговите предавања. Беше почитуван и омилен лик меѓу студентите. Како генерација бевме почестени што тој ни беше професор. Ни се навраќаат сеќавања и слики од преполнетиот амфитеатар и интересните предавања на проф. Галев. На предавањата секогаш до него седеше асс. м-р Марија Радевска (сега Амповска), која учеше од него како да се постане одличен професор. Самите предавања ни беа од голема корист, бидејќи, тој, тематските единици ги обработуваше со многу примери од практиката, а за овој предмет многу беше важна практиката- изјавија Сања Стефановска и Леа Ангеловска.

Поведовме спонтан разговор и со професорот Галев, кој со одбрани и убави зборови се потсети на неговата професорска кариера и ангажман на ПФ на УГД.

-УГД и Правниот факултет добро се развиваат и напредуваат. Имам информации дека сите факултети добро напредуваат. Тоа многу ме радува, бидејќи и јас бев дел од развојот на Правниот факултет и УГД. Видливи се многу позитивни промени, инфраструктурни, а во чекор е и со дигитализацијата. Кадровски е добро екипиран, што е важен предуслов за неговиот развој и успех. Универзитетот е вклучен во меѓународни проекти и е вмрежен со многу познати универзитети ширум Европа. Исто така, УГД забрзано се интернационализира, а големо внимание посветува размена на студенти преку на Еразмус плус програмата. Универзитетот ги поседува сите карактеристики на современ и динамичен европски универзитет. Се радувам што на ПФ предаваат мои студенти кои беа најдобрите во своите генерации. Упатувам честитки и до сите Ректори кои успешно го менаџираат и развиваа УГД,- изјави професорот Галев.

*Во неформалниот разговор и дружење со професорот Галев се вклучи и деканката на Правниот факулте, проф. д-р Олга Кошевалиска.*

*"Како ПФ сме почестени од неговото присусто во нашиот факултет. Професорот Галев има огрмна заслуга за создавање на научниот подмладок на Правниот Факултет. Како еден од основоположниците на облигационото право во нашата држава, неговите дела, книги и мисли се секојдевно цитирани од професорите и асистентите на ПФ, а неговиот творечки опус е консумиран со задоволство од студентите. Мислам дека една од најголемите заслуги на проф. Галев е што отсекогаш ни е инспирација и мотивација да постигнеме повисоки дострели во науката и истражувањето. Тој, како претседател на Комисијата за изработка на Граѓанскиот законик на државата активно работи на процесот на кодификација на граѓанското право, и постојано докажува дека еланот за работа треба секогаш да биде главна водилка на секој кој што сака да се бави со академска и научно истражувачка работа. На проф. Гале Галев му посакуваме добро здравје и долг живот и го очекуваме повторно да не посети"-* **изјави проф. Кошевалиска.**

**На крајот сакаме да упатиме голема благодарност до професорот Галев, кој и покрај неговата возраст, смогна сили да го посети факултетот и одржа инспиративно предавање пред студентите. А, пак, ние му порачуваме: "професоре Ве очекуваме со раширени раце, пак, да ни дојдете, зошто Вие тоа го заслужувате".**

# ДОДЕЛЕНИ ПРИЗНАНИЈА НА ПРОФЕСОРИ НА УГД



По повод Меѓународниот ден на науката - 10 ноември, на УГД беа доделени признанија и награди на професори и асистенти за своите научни достигнувања во 2023 година.
По повод Светскиот ден на науката им оддаваме признание на најдобрите научници за 2022 година, бидејќи нивната напорна и посветена работа резултираше со голем број на трудови објавени во меѓународни списанија, што нѐстава нас како мал универзитет сепак еден важен дел од вкупната научна продукција. Ова е еден нов чекор на УГД, кој покажува дека ќе посвети многу повеќе внимание на активностите поврзани и со научното истражување. Задоволство ми е што меѓу нас имаме научници кои се респектабилни на светско ниво и кои овозможуваат нашата земја да се вклучи во процесите на современото научно работење, кои во основа се дел од нашето секојдневно живеење и ни овозможуваат да живееме со многу поквалитетен, посодржаен и покомфорен и безбеден животен стил – изјави ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски.

Добитник на награда беше и проф. Рубин Гулабовски, кој е најцитираниот професор од УГД во престижни меѓународни списанија.
Како што УГД е движечка сила на Источна Македонија, така и науката е движечка сила и без неа нема никаков развој во општеството. УГД е релативно млад универзитет, но со своите резултати за 15-16 години, стана второрангиран Универзитет во државата и во првите 10% најквалитетни универзитети на светско ниво. Треба да се прашаме кој е потенцијалот и која е причината за еден таков успех. Тоа се вложувањата во науката кои најверојатно се невидливи и не можеме да ги видиме целосно. Еве неколку примери. На УГД има автори кои публикувале во научните списанија Science и Nature. Знаете ли што значи во науката? Исто како во тенисот Федерер и Ѓоковиќ да играат во Тениски клуб ЈУГ. На УГД има научници кои работат, работеле и соработуваат со нобеловци. На УГД има публикувано труд за материјал со кој се испитува староста на универзумот, тоа е рудникот Алшар и минералот лорандит, и во такви едни сурови услови, во присуство на хазардни материјали најдени се бактерии и типизирани се за прв пат. Тоа значи дека имаме наука која во исто време ни кажува како настанал универзумот и како настанал животот на планетата Земја. Научници на УГД од 2010 до 2016 година публикуваа серија на научни трудови во кои покажаа како може да дојде до природна модификација на главниот механизам кој ни обезбедува енергија во човечкото тело, а тоа е механизам за кој во 1979 година Питер Мичел доби Нобелова награда – изјави проф. д-р Рубин Гулабоски.

Добитници на награди годинава се: проф. д-р Павлинка Кокошкарова, проф. д-р Рубин Гулабоски, проф. д-р Лимонка Коцева-Лазарова, проф. д-р Александар Цветковски, проф. д-р Татјана Рушковска, проф. д-р Билјана Петревска, проф. д-р Александра Стојанова, проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос и проф. д-р Сотирија Дувлис.
Добитници на признанија се: проф. д-р Билјана Златановска, проф. д-р Марија Амповска, проф. д-р Биљана Балабанова, проф. д-р Викторија Максимова, проф. д-р Афродита Зенделска, проф. д-р Катарина Смилков, проф. д-р Марија Митева, проф. д-р Александра Милева, проф. д-р Дејан Маролов, проф. д-р Тена Шијакова-Иванова, проф. д-р Ивица Смоковски, проф. д-р Јована Караникиќ-Јосимовска, проф. д-р Наташа Коцевска и проф. д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова.





# АЛИЈАНСА НА УНИВЕРЗИТЕТИ



На 09 и 10 декември во Мадрид на Универзитетот "Франциско Де Виториа" се одржа иницијален состанок со што започна работата на Европската универзитетска алијанса ACE2EU. Од УГД на состанокот присуствуваа ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски, проректорката за меѓународна соработка проф. д-р Ана Никодиновска-Крстевска и останати учесници во овој проект. Универзитетот „Гоце Делчев" неодамна заедно со уште осум други европски универзитети, како дел од Европска универзитетска алијанса, стана дел од Европски проект преку кој во наредниот период се здобива со можности за развој на исто рамниште со европските универзитети.

Ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски во овој проект гледа големи можности за афирмација и развој на УГД. Проектот овозможува на новата генерација студенти да студираат на осум други универзитети и да добијат диплома за завршен факултет. Вредноста на проектот е над 14 милиони евра, од кои дел од тие средства ќе користи и УГД.

Европските алијанси ќе придонесат за новата генерација Европејци да студираат и да работат во различни европски држави, да учат јазици и да имаат пристап до различни европски дисциплини. Студентите можат да добијат диплома за завршено високо образование преку комбинирање на повеќе студиски курикулуми во неколку европски земји, придонесувајќи на тој начин да се зголеми атрактивноста и компетитивноста на високото образование во Единствениот европски простор. Овие алијанси работат заедно со цел да донесат иновации во европските региони преку овозможување на студентите да работат заедно со академскиот кадар од различни универзитети, истражувачи, претпријатија, локална самоуправа, државни институции и граѓански сектор – изјави проф. д-р Ана Никодиновска-Крстевска, проректор за меѓународна соработка на УГД.






# ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА „ДОНИРАЈ СО ЉУБОВ“




Новото раководство на УСС на УГД својата работа ја започна со неколку активности со кои покажаа и нова димензија во нивните активности. Новата димензија на УСС е хуманоста во која тие гледаат двигател на позитивни промени во општеството. Пред Новата 2025 година, УСС успешно реализираше хуманитарна акција под мотото “Донирај со љубов” со што покажаа дека се општествено одговорна организација. Главната идеја за ова хуманитарна акција е собирање и донирање облека за да се помогне на оние на кои најмногу им е потребно. УСС се раководи од мотото “Со мали дела, се создаваат големи промени”, во кое се препознава идејата за грижа и споделување со другите. Со акцијата, кога надежта и радоста добиваат нова сила, тие сакаат да донесат светлина во животите на оние на кои им е најпотребно. Со донирање облека, не само што ќе подариме топлина на телото, туку и ќе стоплиме срца, покажувајќи дека хуманоста е најголемиот подарок што можеме да го дадеме. Собраната облека ќе биде посветена на оние кои најмногу ја заслужуваат нашата грижа – децата со аутизам и децата без родители, чии срца копнеат за топлина и внимание. Оваа акција е чин на човечка добрина и обид да се внесе светлина таму каде што е најтемно. Сепак, нашата врата останува отворена за сите сугестии, зашто секоја потреба е значајна, а секоја подадена рака создава општество кое го слави животот преку солидарноста и љубов.

Идејата произлезе од нашата желба оваа година да направиме нешто поразлично, нешто што ќе ја надмине традицијата на новогодишните пакетчиња. Сакавме да создадеме акција што ќе внесе подлабоко значење и ќе остави траен отпечаток. Облеката е основна потреба, а многу луѓе во нашето општество се соочуваат со недостаток на топла и соодветна облека, особено во зимските месеци. Изборот на облека беше логичен, бидејќи речиси секој од нас има нешто што повеќе не му е потребно, а со тоа може да помогне на другите - истакна Станела Гацова, претседателка на УСС на УГД.





# ИЗБРАН НОВ СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА УГД-ШТИП



Богољуб Мијалков,
Студентски правобранител на УГД

Студентите го избраа вториот по ред Студентски правобранител на УГД. Тоа е Ангел Мијалков, студент на втор циклус на студии на Правниот факултет. Во моментот е ангажиран како демонстратор на Правниот факултет. Станува збор за студент кој активно е вклучен во речиси сите активности што ги организира ПФ. Затоа не случајно му е доверена оваа многу важна функција.
Студентскиот правобранител при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип има заштитна функција на студентите, бранење и застапување на нивните права. Како студентски правобранител тој претставува посредник помеѓу студентите и професорите, обезбедувајќи транспарентност, еднаков пристап, непристрасност и фер третман во сите академски сфери. Како студентски правобранител се залагам и ги охрабрувам студентите да пријават било каков вид на неправилности во академските процеси со што би се поттикнало одговорност и подобра квалитетна работа при студирањето. Студентскиот правобранител не е само застапник на правата, туку и двигател на позитивните промени во академскиот систем, кој има за цел да им помогне на студентите да ги реализираат своите потенцијали и да придонесат кон општеството преку квалитетно образование. Во досегашната пракса од кога сум Студентски правобранител досега не е имало никаков вид на пријави поврзани со неправилностите во работењето,- изјави Ангел Мијалков.



# НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРОМОВИРАНИ ДВЕ КНИГИ

На 04.12.2024 година на Правниот факултет на УГД-Штип се одржа промоција на две научни книги кои се многу значајни за академската и пошироката научна јавност. Едната книга е со наслов: Млади, миграции и образование од авторите: Проф. д-р Страшко Стојановски, асс. Ана Здравева и Асс. Кристијан Панев. Промотори на книгата беа проф. д-р Кирил Барбареев и Коцева од ФОН при УГД.
Втората книга која беше промовирана е книгата со наслов: Непланираното дете на Европа, Македонија како дел од источното прашање во 19 век и западните евроатлански политики во 21 век од проф. д-р Дејан Маролов и проф. д-р Јорданка Галева. а промотори на истата беа проф. Ана Никодиновска-Крстевска и проф. д-р Ивица Јосифовиќ од Правниот факултет во Штип. Станува збор за две научни публикации кои обработуваат актуелни теми со кои се соочува македонското општество. Со овие две изданија професорите оставија нови наслови за студентите и научната јавност.
Публикацијата се однесува на серија на истражувања реализирани во последните десет години, па оттука резултатите имаат лонгитудинален карактер. Од анализата на анкетните истражувања можеме да забележиме дека перцепцијата на младите е намалување на желбата за мигрирање од источниот регион на државата од 78% во 2014 година, на 58% во 2022 година. Но, од друга страна, имаме зголемување на желбата за студирање надвор од државата од 13% во 2018, на 17% во 2023 година. Исто така, има тенденција и на намалување на наталитетот со што драматично се усложнува проблемот. Ако продолжи тенденцијата на иселување на младите, тогаш ќе станеме држава на старци – изјави проф. д-р Страшко Стојановски









Нека Новата година Ви донесе здравје, среќа, љубов успех и просперитет.
Среќни Новогодишни и Божиќни празници!

**од Синдикатот на УГД**

# ДВАЈЦА ДОБИТНИЦИ НА ИНЖИНЕРСКИ ПРСТЕН ОД УГД







Секоја година на 15 најдобри студенти од техничките факултети во Македонија се доделува признанието "Инжинериски прстен" што го доделува претседателот на Републиката. Престижното признание "Инженерски прстен" се доделува од 2003 година (21. Пат). Годинава на оваа Листа се најдоа и двајца дипломирани студенти од УГД: Даниел Цоневски од Факултет за информатика со просек 9.95 и Матеа Анакиевска од Факултет за природни и технички науки со просек 9.32. Признанието беше доделено на свечена церемонија на платото пред црквата „Свети Климент и Пантелејмон" – Плаошник, во Охрид. На свечената церемонија, претседателката Гордана Силјановска -Давкова ја нагласи огромната важност на инжинерите во развојот на општеството и државата во целина.

"Државата има обврска да направи сè што може за да создаде услови вие и вашите колеги, професионално и кариерно да напредувате тука, во нашата заедничка татковина", "... Денеска успехот на државата се мери врз основа на нивната способност да ги искусат придобивките и да ги минимизираат ризиците што со себе ги носи дигиталната економија", истакна претседателката Сиљановска-Давкова.





# ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА ФАКУЛТЕТИТЕ



**Претседател на
Факултетот за медицински науки
Александар Величков**



**Претседател на
Факултетот за информатика
Ева Митева**



**Претседател на
Економски факултет
Мила Савевска**



**Претседател на
Правен факултет
Нина Рогожарска**



**Претседател на
Факултетот за Ликовна академија
Дарија Стојчева**



**Претседател на
Земјоделски факултет
Афродита Волческа**



**Претседател на
Факултетот за образовни науки
Ванеса Стојкова**



**Претседател на
Електротехнички факултет
Стефан Тодосовски**



**Претседател на**
**Машински факултет**
**Драгана Горѓиевска**



**Претседател на**
**Музичка академија**
**Кристијан Демјански**



# Предновогодишна хуманитарна активност на УСС на УГД

**На 11 декември 2024 година, ученици од ДСУ „Искра“ во Штип, заедно со членовите на Универзитетското Студентско Собрание на УГД-Штип, неуморно работеа на изработка на новогодишни украси. Основната цел на оваа активност е преку продажба на украсите да се соберат финансиски средства кои ќе се донираат на учениците од Искра. Оваа акција не беше само материјална поддршка, туку и порака – дека тие не се сами, дека заедницата стои зад нив, и секогаш е подготвена да ги поддржи и да и подари љубов.**
**Новогодишните украси беа изложени на Новогодишниот базар во Штип и истите бргу беа продадени. Средствата собрани на базарот беа поделени на учениците од ДСУ “Искра”.**









# СИМУЛАЦИЈА НА ПОСТАПКА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА







На 5 декември 2024 година, во Судницата на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, се одржа симулација на постапка пред Европскиот суд за човекови права. Настанот претставуваше показател на посветеноста на студентите и нивната подготвеност да ги применат своите теоретски знаења во практична средина.
Во симулацијата учествуваа студентите Ања Кафеџиска, Леона Димова и Севда Мемиш во улога на апликанти, додека Марија Најдова и Сара Бојкова ги презентираа аргументите на респондентите.
Настанот беше организиран под менторство на проф. д-р Елена Максимова, проф. д-р Дејан Маролов и демонстратор магистар Елена Трајковска, кои, исто така, се појавија во улога на судии, обезбедувајќи академски надзор и поддршка во текот на подготовките и реализацијата на симулацијата.
Симулацијата привлече голем број посетители, меѓу кои, покрај студентите, беа присутни и голем број средношколци заинтересирани за право и Европската конвенција за човекови права.
Со оваа симулација, која го одбележа и Меѓународниот ден на човековите права, се истакна значењето на практичната примена на правните знаења и се даде можност на студентите да се истакнат како идни професионалци во областа на меѓународното право.
Настанот беше дел од активностите на Центарот за меѓународно право и меѓународни односи при Правниот факултет – Универзитетот „Гоце Делчев“, кој е член на мрежата Open Council of Europe Academic Networks (OCEAN) на Советот на Европа. Настанот беше листиран на официјалната листа на настани на веб-страницата на OCEAN. Со ова, Центарот продолжува да ги промовира вредностите на човековите права, демократијата и владеењето на правото.
Настанот привлече голем интерес и ги инспирираше учесниците и публиката да продолжат со истражување и практична примена на знаењата од областа на човековите права.






# ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

## пријател или непријател на младите




Живееме во едно специфично време - време во кое секојдневно слушаме дека се откриени нови иновативни технологии. Вештачката интелегенција со невидена брзина се развива. Додека навлеземе во тајните на нејзиното ракувањето, за многу кратко време се откриваат нови дигитални алатки. И така во недоглед. Во иднина ќе има постојана трка со учење на технологиите. Иако тоа е супер, постои и друга страна која е загринжувачка, младите кои се секојдневно изложени на вештачката интелигенција многу често ја губат својата креативност, бидејќи сите решенија и одговори им се веќе„понудени на тацна", а и самото користење на вештачката интелигенција го доведува во прашање и нивниот труд и способноста за критичко размислување.
Сите сме сведоци дека вештачката интелигенција е наше секојдневие. Ние неа ја гледаме секој ден по социјалните мрежи, па се до алгоритмите за учење и пишување од скоро почнаа да се произведуваат и разни домаќински уреди во кои е вградена вештачка интелигенција.

Зашто ние младите сме најподложни на влијанието на вештачката интелигенција?
Самиот факт што ние сме родени во овој век, време каде што веќе постел одреден технолошки напредок и одредени технологии потпомогнаа да ја интегрираат технологијата и вештачката интелигенција во нашиот секојдневен живот, па дури и да станеме зависни неа.
Што може да направиме за да се заштитиме од зависноста вештачката интелигенција?
Мораме да најдеме баланс да не бидеме толку зависни од екраните и да пробаме да ја гледаме пошироката слика на работите и да ја користиме технологищата за добро.
Како заклучок се наметнува дека вештачката интелигенција можеме да ја искористиме во многу свери во животот, таа ни е неопходна, но треба да умееме да правиме баланс меѓу потребата (корисноста) во животот и опасностите што таа ги носи, особено за младите кои ја губата креативната енергија и критичкото размислување







# ШТИП БЛЕСНА ВО ИЛЈАДА БОИ







Култната и најпознатата улица во Штип "Ванчо Прке", позната како "едносмерната" радикално е трансформирана. Од едносмерна таа стана пешачка зона. И покрај тоа, таа и понатаму го задржа приматот на најпозната и најпривлечна улица во Штип. Трансформацијата на улицата предизвика различни реакции кај граѓаните, но, со минување на времето граѓаните ги прифатија промените и пренамената на улицата. Првично кај дел од населението имаше резерва кон овој проект, но со одржувањето на Новогодишниот базар ставот кај граѓаните драстично се смени. Улицата започна да гради своја приказна и историја. Активностите започнаа на 08.12.2024 г., со свечено поставување на новогодишната елка во присуство на голем број граѓани. Веќе наредниот ден (09.12.) се одржаа првите новогодишни настани. На градскиот Плоштад многу деца, родители, баби и дедовци на новогодишната елка оставија писма во кои беа напишани желби на нивните деца и внуци. Потоа сите се упатија кон улицата Ванчо Прке и ги проследија планираниоте активности: новогодишен концерт на Градскиот хор и Групата Аре брадрс Бенд. Наредните денови продефилираа и децата од детскиот фестивал Весело штурче, ученици од основните ученици, Средното музичко училиште "Сергеј Михајлов", градскиот хор и неколку фолклорни групи.

Во периодот од 20.12.-27.12.2024 година се одржа првиот Новогодишен базар, според концептот на поголемите градови во Европа, како што се: Лондон, Берлин, Виена, Нирнберг, Стразбург, Прага, Бриж, Базел, Бирминген и др.

Новогодишниот базар предизвика голем интерес не само кај штипјани, туку и од околните градови. Според наши проценки Новогодишниот маркет го посетија над 20 илјади посетители и исто толку посетители од цела Македонија. Меѓу посетителите можеше да се слушне гласно размислување дека ул. "Ванчо Прке" многу порано требало да се трансформира во пешачка зона. Наша оценка е дека Новогодишниот базар во целост ги исполни очекувањата на штипјани.

Како ја доживуваат граѓаните предновогодишната бајка и еуфорија побаравме мислења од случајни минувачи.

*Оваа година градот многу убаво е украсен и тоа ни буди посебни емоции и расположение. Ме потсетува на амбиент како во големите градови во европските држави. Како студенти многу убаво си поминуваме, и речиси секоја вечер излегуваме да ја почуствуваме магијата на Нова година. На пешачката улица има поставено тезги на кои се продаваат производи во духот на празниците. Многу убав впечаток ми остави украсениот град кој буди новогодишна еуфорија и празнично расположение* -**изјави Александар Трајковски**

*Многу ми се допаѓа предновогодишната магија во градот. Штипското шеталишта е вистинска новогодишна бајка. Навистина се чувствува магијата во градот. Настаните што секојдневно се случуваат на шеталиштето, особено манифестацијата Christmas Market го окупираа вниманието на штипјани. Настаните кај нас будат новогодишна еуфорија. Многу повеќе од претходните години. Самата атмосфера, ѕвончињата што ѕвонат, Дедо Мраз, децата што пеат на плоштадот, светлата, создадоа еуфорија за паметење* - **изјави Кристијан Ѓорѓиев**

*Најголем впечаток ми остави добро осмислениот концепт на украсување на улиците, пред се шеталиштето. Навечер шеталиштето е преполно со деца, млади и возрасни кои ги следат настаните. Популарната едносмерна улица, многу убаво е украсена и привлекува повеќе народ, а градот е посетен и од гости и од други градови. Создадена е неповторлива новогодишна еуфорија која создава неповторливо расположение. Светилките, полниот град, младите деца што се собираат, фотографираат... Колку е убава глетката кога приметуваш дека сите уживаат во убавиот изглед на градот-* **изјави Аспарух Јанев**











## Патопис:

# Новогодишна магија во Колмар и Стразбур

**Со најмагичното време во годината, доаѓаат и топлиот сјај на лампионите, грееното вино и празничната атмосфера - главните причини кои ме одведоа во срцето на Алзас, Колмар и Стразбур**

Првиот чекор во Колмар го направив во попладневните часови и веднаш се почувствував како да сум во бајка. Малите калдрмисани улички беа обиколени со дрвени куќички во пастелни бои, украсени со светилки и венци. На новогодишно базар имаше штандови кои нудеа креативни рачни изработки, најразлични специјалитети и незаборавни мириси. Низ најубавиот дел во градот, „Мала Венеција", каде се светлата се одразуваат од каналите, видов многу волшебни сцени. Токму во Колмар за прв пат пробав и „flammekueche" - специјалитет карактеристичен за Алзас, со француско сирење и сланина.

Кога наредното утро пристигнав во Стразбур, веднаш сфатив зошто е наречен „Божиќна престолнина". Украсените улици, преполните штандови и катедралата Нотрдам, беа само дел од целата магија која ја нуди овој град. И навистина, на секој чекор мирисаше на Божиќ - француски сирења и топли колачи. Најпечатливиот момент од моето искуство беше кога се искачив на врвот на катедралата, кој нудеше поглед над градот, кој не се заборава.
Ова патување за мене беше вистинско доживување кое ме облеа со радост и топлина. Колмар и Стразбур се градови кои мора да се посетат токму во овој период од годината, кога секој човек ќе може да ја почувствува магијата која тие ја имаат, создавајќи моменти на кои се сеќаваме цел живот.





# Како настанала божикната песна "Тивка ноќ, света ноќ"

**Божикната песна "Тивка ноќ" настанала пред повеќе од 200 години. Оригиналниот наслов на песната е Stille Nacht, Heilige Nacht, а првпат била изведена на 24. декември во 1818 година на Бадник вечер, пред верниците во црквата Св. Никола во селото Оберндорф во близина на градот Салцбург во Австрија. Како оваа Божикна песна од селско пеење станала глобален божикен хит? Песната е преведена на над 300 јазици и дијалекти. Зборовите на песната ги напишал свештеникот Јозеф Мор во 1816 година.**



**Јозеф Мор- текстописец**



**Франц Грубер-композитор**

Две години подоцна (1818) свештеникот Мор го замолил својот пријател Франц Грубер, инаку свирач на оргула, да напише музика на неговиот текст. Грубер ја напишал музиката и му ја доставил на свештеникот Јозеф Мор. Двајцата се согласиле првпат да ја изведат на 24. декември на гитара, бидејќи оргулата во црквата Св. Никола била расипана. До крајот на 19 век песната се пеела во целиот свет, благодарение на христијанските мисионери. Секоја година на 24. декември луѓето од селото Оберндорф и околните места се собираат и ја пеат песната. Денес на познатиот двоец Грубер и Мор им се оддава почест во 10 градови во Австрија, вклучувајќи го и родното место на Франц Грубер Хорбург-Аху, каде во изминатите 20 години за Божик се приредува специјална театарска престава.
Во 1914 година за време на Првата светска војна германските и британските војници за време на Божик заедно ја пееле песната секој во својот ров додека траело примирјето.
Во 2011 година песната Тивка ноќ е впишана на Репрезентативната листа на нематеријалното културно наследство на УНЕСКО, како универзално културно богатство кое припаѓа на целиот свет.

# ЛЕГЕНДАТА ЗА НАСТАНОКОТ НА НОВОГОДИШНАТА ЕЛКА

Нова година се наближува. Во секој дом се украсува новогодишната елка која е симбол на нов почеток и нова надеж. Чинот на украсување носи голема радост и среќа, особено во семејствата со мали деца. Украсувањето на елката е радосен момент во кој најмладите ја играат главната улога во претставата "украсување на елка". Нивното однесување за време на украсувањето е приказна полна со емоции. На чинот на украсување, речиси секогаш се потпевнуваат новогодишни песни, а се спомнува и раскажува легендата за Дедо Мраз. Секогаш, најнискиот дел од елката го украсуваат најмалите дечиња, а повисоките делови, пак, ги украсуваат родителите, бабите и дедовците. Децата ги подаваат лампионите на родителите, кои, пак ги редат лампионите на гранките од елката.

Но, дали некогаш сме се запрашале од каде доаѓа легендата за новогодишната елка? Кој прв започнал да украсува елка? Се смета дека први кои започнале да ги украсуваат дрвјата биле старите Египјани. Но, тие ги украсувале палмите и другите дрвја, бидејќи таму немало зимзелени дрвја и елки. Северните народи келтите и викинзите биле првите народи кои ги украсувале дрвјата со разни украси и декорации во одредени периоди од годината. Викинзите биле познати по тоа што први користеле имела, која е многу популарна во западните земји.

Сепак, за денешните новогодишни елки и за нивното украсување најзаслужни се Германците. Првите пишани податоци датираат од XVI век, според кои Германците за време на Божиќните празници имале обичај да носат елки дома, околу кои биле палени свеќи, што претставувало одбележување на овој празник.

Постојат многу верувања и легенди за настанокот на елката. Дури постои верување дека предвремено раскитување на елката носи лоша среќа во семејството. Според некои верувања и воспоставена традиција елката се поставува и украсува на Свети Никола, а се раскитува 12 дена по Божик. Според православниот верски календар украсувањето би било на ден 19. Декември, а раскитувањето би било на верскиот празник Богојавление (Водици). Меѓутоа, многу семејства елките ги украсуваат на почетокот од декември, а ги раскитуваат на крајот од јануари од Новата година. На тој начин новогодишната магија и радоста на децата трае подолго. За време на новогодишните празници и со украсена елка во домовите, празниците се поубави и повесели и на возрасните.

Во поново време природните елки се заменија со и употреба на вештачки елки направени од пластика и друг цврст материјал. На овој начин се спречува сечењето на природните елки. Технологијата, исто така, придонела за менување на изгледот на елката, но и на материјалот за изработка на украсите. Порано како украси на елката биле ставани овошје и предмети од хартија, а денес најчесто тоа се пластични, хартиени или стаклени лампиони и украси. Денес најголем дел од семејствата во домот имаат пластична елка која се склопува и расклопува. Елките се украсуваат со лампиони и светилки по своја потреба и желба. Новогодишната магија не е целосна доколку во дневната соба нема новогодишна елка. Што симболизира новогодишната елка? Една од симболиките на елката е дека таа го претставува раѓањето и воскреснувањето на Исус Христос, а нејзините гранки ја симболизираат неговата бесмртност. Според верувањата, игличките на гранките ја симболизираат круната од трње што Исус ја носел при распнувањето.





# Понуда за дочек на НОВАТА 2025 ГОДИНА

**Дочекот на Новата година е посебен настан кој многумина го користат за патување и прослава на нови дестинации. За Новата 2025 година, неколку дестинации се истакнуваат по својата атрактивност и уникатни прослави.**



**Белград, Србија**
**Најпознатите дестинации за дочек на нова година на Балканот е Белград. Има многу агенции што организираат патувања каде што можеш преку ден да уживаш во закитениот град,а во ноќта да се опуштиш во ноќните клубови и сплавови. Белград дефинитивно го нуди најдобриот ноќен живот.**



**Будва, Црна Гора**
**Будва одлична дестинација за летно патување,прекрасно море и плажи.Но,дали знаете дека исто така ова место нуди и незаборен дочек на Нова Година. Некои агенции нудат аранжмани кои вклучуваат посета на Дубровник, додавајќи дополнителна вредност на патувањето.**



**Истанбул, Труција**
**Истанбул е еден од најпосетуваните градови во светот.Градот кој никогаш не спие и ги спојува Европа и Азија.Истанбул е модерен град со многу големи историски знаменитости. Секогаш е еден од главните дестинации за луѓето ширум светот.**



**Златибор, Србија**
**За луѓето кои обожуваат вистинска зимска идила,спортски активности и прекрасен планински воздух,Златибор е одличен избор.Овој планински центар нуди спектакуларен дочек со многу спортски програми и активности.**





# БОГОРОДИЧНА ЦРКВА ВО ПАРИЗ ПОВТОРНО ОТВОРЕНА ЗА ПОСЕТИТЕЛИТЕ

**Една од најпознатите цркви во Европа и светот е Богородичната црква во Париз позната како Нотр Дам. Катедралата е најголемата туристичка атракција која привлекува многу туристи од целиот свет. Годишно црквата ја посетуваат околу 13 милони туристи или во просек околу 30 илјади дневно. Во најфреквентните денови ја посетуваат над 50 илјади туристи Ова е една од најубавите катедрални цркви градена во готски стил. Лоцирана е на брегот на реката Сена. Се наоѓа на југоисточната страна на природниот речен остров Сите на Сена во центарот на Париз.**



Изградбата на катедралата започнала во 1163 г., за време на владеењето на кралот Луј VII, а била завршена околу 1345 година. Црквата има пет звона, од кои едно тежи 13 тона и служи да го означува часот. Некогаш тие ѕвонеле рачно, но денес работата ја вршат електромотори.. Писетелот Виктор Иго, кој бил голем обожавател на катедралата, го напишал култниот роман„Ѕвонарот на Богородичната црква“ кој е ремек дело во литературата. Богородичната црква е светско културно богатство кое е под заштита на државата Франција и УНЕСКО.
Највисокиот дел од црквата е зашилениот дел од кулата која е висока 96 метри, широка е 40 метри, вкупна та должина е 128 метри, и има површина од 4. 800 м2
На 15 април 2019 година во црквата избувнал голем пожар кој предизвика огромна материјална штета. Овој настан отвори нова страница во историјата на црквата. Реновирањето траеше 5.5 години, а повторно за верниците и туристите е отворена на 7. декември 2024 година со помош на меѓународната заедница. По повод нејзиното повторно отворање, во Париз се одржа свечена церемонија со говор на претседателот Емануел Макрон. За Французите, катедралата Нотр Дам не е само светски позната средновековна готска катедрала, туку срцето на Париз и дел од историјата на нацијата. Реконструкцијата чинела околу 860 милиони евра, финансирани од донации од целиот свет. Повторното отворање донесе чувство на национална гордост и единство на француската нација. Се проценува дека за реконструкцијата на катедралата биле ангажирани околу 2000 вработени и експерти, меѓу кои и работници од Македонија.



# Садиме дрвца денес, славиме живот утре









Во декември Универзитетското студентско собрание на УГД активно се вклучи во еколошка акција садење дрвца под мотото "Садиме дрвца денес, славиме живот утре". Учесниците во оваа акција велат дека со ова активност тие прават значаен чекор за создавање надеж и подобро утро на заедницата во која живеат. Секое засадено дрвце е симбол на нашата вера во животот, во природата и во иднината. Со секое засадено дрво, оставаме трага што зборува за посветеност, љубов и надеж. Исто така, искрено се заблагодаруваме на компанијата која со својата општествена одговорност го подрржаа овој настан да се реализира. Тие покажаа дека добрата волја може да го промени светот. Ова е само почеток. Ваквите настани ќе продолжат, затоа што веруваме дека секое мало дело е дел од големата слика – слика на живот, раст и иднина-истакнаа учесниците во еколошката акција.
Во акцијата беа насадени 4000 садници од кои :јасен 1000, багрем 500, медоносна растенија 1000, црн бор 1500.

# КАКО ДА ПОРАСНАМ АВОКАДО ВО ДОМАШНИ УСЛОВИ?



Авокадото е вкусен и хранлив плод кој можете да го одгледувате и во домашни услови. Процесот е едноставен и забавен, а истовремено е и одличен начин да додадете зеленило во вашиот дом. Еве ги чекорите за да започнете:
Материјали кои ви се потребни: Семка од авокадо, чашка со вода, чепкалки за заби, саксија со земја, добра дренажа

**I чекор: Првиот чекор е да купите авокадо и да го исечете. Неговата семка треба да ја извадите и исплакнете.Важно е да се внимава да не се оштети лушпата на семката.**

**II чекор 2: Со чепкалки за заби прободете ја семката на три или четири места, така што ќе формирате држачи. Чепкалките треба да бидат поставени така што семката може да седи на рабовите на чашката со вода, а долниот дел (поостриот крај) да биде потопен во водата.**

**III Чекор: Важно е чашката со вода да биде на светло,но таа да не биде директно изложена на сонце.Водата треба да се менува на неколку дена со цел да не се појави мувла.Во период од две до шест недели,семката почнува да пушта корен и стебло.**

**IV чекор: Ќе знаете дека стеблото започнало да расте , а тоа е кога коренот ќе биде долг околу 7-10 цм. Тогаш вие ќе знаете дека е време семката да се пресади во саксија со земја.Осигурајте се дека саксијата има добра дренажа. Засадете ја семката така што горниот дел ќе биде над нивото на почвата.**

**V чекор: Грижата за растението е можеби и најважниот чекор за плодот. Погрижете се саксијата да е поставена на место со многу светлина и одржувајте ја почвата влажна, но не многу мокра. За крај кога стеблото ќе порасне околу 15цм исечете го за половина за да поттикнете разгранување.**

Дополнителни совети: Авокадото е тропско растение и сака топлина. Избегнувајте го изложувањето на студ.Не очекувајте плод веднаш – потребни се неколку години за растението да започне да носи авокадо.За да добиете плод, можеби ќе треба да имате повеќе растенија за опрашување.

Ова беа чекорите кои се потребни за плодот.Останатото е нашето трпение за да го добиеме авокадото и да уживаме.Овој креативен начин најмногу ќе им се допадне на љубителите на растенијата.Овој проект исто така и го разубавува нашиот дом.

# ЕРАЗМУС СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ-ШТИП

На УГД престојуваат над 20 студенти кои се дел од Програмата на Еразмус+. Во овој број на Студентско Ехо Ви преставуваме двајца студенти: Маркос од Шпанија и Акрем од Турција.
1.Маркос, од Ла Коруња, Шпанија



Hello, my name is Marcos, and I am a Computer Engineering student at the University of A Coruña. I am currently participating in the Erasmus program at Goce Delčev University in Štip, North Macedonia, where I am taking five courses this semester: Computer System Security, Network Protocols, Software Testing and Analysis, Internet Programming, and Computer Graphics and Visualization. These courses, from the third and fourth years, offer highly useful and interesting content.
For example, in Computer System Security, I have learned about internet vulnerabilities and encryption techniques, which are essential for protecting sensitive data such as bank accounts. In Internet Programming, I worked on a project using popular languages like PHP and JavaScript, allowing me to apply practical skills in web development. Additionally, in Computer Graphics and Visualization, I explored artificial intelligence training models, combining programming with advanced visualization techniques.
All of this has been possible thanks to the support of the professors, who not only resolve doubts but also provide updated resources such as books and additional materials, encouraging further academic exploration. This experience has helped me acquire key knowledge for my development as a programmer while also fostering my intellectual and personal growth. The Erasmus experience has taught me to adapt to new environments, become more independent, and understand and respect different cultures, languages, and customs.

Здраво, моето име е Маркос, и јас сум студент по компјутерско инженерство на Универзитетот во Ла Коруња, Шпанија. Во моментот учествувам во програмата Еразмус на Универзитетот Гоце Делчев во Штип, Северна Македонија, каде што посетувам пет предмети овој семестар: Безбедност на компјутерски системи, Мрежни протоколи, Тестирање и анализа на софтвер, Програмирање на интернет и Компјутерска графика и визуелизација. Овие предмети, од трета и четврта година, нудат многу корисна и интересна содржина.
На пример, во Безбедност на компјутерски системи, научив за ранливостите на интернетот и техники за енкрипција, кои се од суштинско значење за заштита на чувствителни податоци како што се банкарски сметки. Во Програмирање на интернет, работев на проект користејќи популарни програмски јазици како PHP и JavaScript, што ми овозможи да применам практични вештини за веб развој. Дополнително, во Компјутерска графика и визуелизација истражував модели за тренирање на вештачка интелигенција, комбинирајќи програмирање со напредни техники за визуелизација.
Сето ова беше возможно благодарение на поддршката од професорите, кои не само што ги разрешуваат сомнежите, туку и обезбедуваат ажурирани ресурси, како книги и дополнителни материјали, поттикнувајќи понатамошно академско истражување. Ова искуство ми помогна да стекнам клучни знаења за мојот развој како програмер, истовремено поттикнувајќи го мојот интелектуален и личен развој. Програмата Еразмус ме научи како да се прилагодувам на нови средини, да бидам посамостоен и да ги разбирам и почитувам различните култури, јазици и обичаи.



"My experience with the subjects I have elected this semester, such as Computer Graphics and Visualization, Software Engineering, and Internet Programming, has been very enriching. What I appreciated the most is the practical approach to learning and evaluation. Instead of focusing solely on theory, the courses emphasized hands-on exercises and real-world problem-solving, which made the learning process much more engaging and effective. This practical methodology allowed me to apply concepts directly and gain a deeper understanding of the material." Best regards, Akram
„Моето искуство со предметите што ги избрав овој семестар, како Компјутерска графика и визуелизација, Софтверско инженерство и Програмирање на интернет, беше многу збогатувачко. Она што најмногу го ценев беше практичниот пристап кон учењето и евалуацијата. Наместо да се фокусира само на теорија, предметите акцентираа на практични вежби и решавање на проблеми од реалниот свет, што го направи процесот на учење многу поинтересен и поефективен. Оваа практична методологија ми овозможи директно да ги применувам концептите и да стекнам подлабоко разбирање на материјалот."
Со почит Акрам

# ИНТЕРВЈУ СО ЕРАЗМУС СТУДЕНТОТ ХОСЕ ЛУИС СОУСА ОД ПОРТУГАЛИЈА

Interviewer: Dear Collegues, I am here with José Sousa, an Erasmus Student from Portugal that is currently on a 4-month Erasmus in our city, Shtip. Thank you for your presence, José and i hope that you are enjoying our country.
José: Thank you for this Interview and to express my journey on your country.

Interviewer: What 5 expressions would you use to describe your experience in Shtip?
José: Very Hot (especially during this last days) (laught)
Interesting City with nice people, different, specially from here i am
A good mix between a small city and Nature, including the park and river.
Peace and Quiet

Interviewer: What activities do young people have to do, in Shtip?
José: Myself, in my free time, i go to the Gym in the city center. A strong body creates a great mind. Also, when i arrived 2 months ago, there was a fair with a lot of games to do. I had such a fun time on that, i must say. Of course, throughout the city, there are a lot of cafes and places where young people can enjoy some coffe and some time with their friends. If they need some time in nature, they can follow the path of the river with a nice view of the little mountains and the fortress on top of the mountain.

Interviewer: Will Shtip be in your recordation's when you leave?
Jose: Of course, Macedonia was a great experience and Shtip was the city were i lived a part of my life, so there are memories that i had in Here. I even say the opposite, i hope that my memory stay in the Sthip city history.

Interviewer: Thank you, José.
José: Thank you for this interview and the opportunity to explain what J feel.

Интервјуер: Почитувани колеги, овде сум со Жозе Соуса, Еразмус студент од Португалија, кој моментално е на 4-месечен Еразмус во градот Штип. Ви благодариме за вашето присуство, Хозе и се надевам дека уживате во нашата земја.
Хозе: Ви благодарам за ова интервју и преку него сакам да изразам моето патување во вашата земја.
Интервјуер: Кои пет изрази би ги употребиле за да го опишете вашето искуство во Штип?
Хозе: Многу жешко (особено во последните денови) (смеа). Интересен град со убави луѓе Различно, посебно од овде сум Добра мешавина помеѓу мал град и природата, вклучувајќи ги паркот и реката. Мир и тишина .
Интервјуер: Какви активности треба да прават младите во Штип?
Хозе: Сам, во слободно време, одам во теретана во центарот на градот. Силно тело создава одличен ум. Исто така, кога пристигнав пред 2 месеци, имаше саем со многу игри што требаше да се направат. Имав толку забавно време на тоа, морам да кажам. Се разбира, низ градот има многу кафулиња и места каде младите можат да уживаат во кафе и малку време со своите пријатели. Доколку им треба малку време во природа, можат да ја следат патеката на реката со убав поглед на малите планини и тврдината на врвот на планината.

Интервјуерот: Дали Штип ќе биде во вашата снимка кога ќе заминете?
Хозе: Секако, Македонија беше големо искуство за мене, а Штип беше градот во кој живеев дел од мојот живот, така што носам дообри спомени од овде. Дури и го велам спротивното, се надевам дека сеќавањето ќе ми остане во историјата на градот Штип.

Интервјуерот: Благодарам, Хозе.
Хозе: Ви благодарам за ова интервју и за можноста да објаснам што чувствувам за престојот.

In my time in Macedonia, I have been enjoying the culture and the beauty of Macedonia. My trips passed in cities such as Skopje (the capital), Shtip (as the city were i lived), Strumitsa and Gevgelija.
My trip to Skopje was spent exploring the streets and museums. I passed on the old part of the town, were i crossed the old bridge and went to the Turkish bazar. Was in here i tried Burek for my first time, delicious. Visit also some churches and mosques, seeing the different cultures present living in peace. Had the opportunity to visit the Archaeological Museum of the Republic of Macedonia and the Museum of the Macedonian Struggle for Independence. I finished my day of visiting the Skopje Fortress.
Strumitsa was a funny experience, where i visited with a couple of friends for a beer and a crazy night of fun on the nightclubs and casino that the city as to offer. We enjoyed also the countryside next to the city.
Gevgelija was a city were i stopped on my trip to Tessalonika. Nice small town with some nice history and nice people, since they help finding transportation to Greece and, while i waited, got me free drinks and a nice conversation about the history of the country of Macedonia.

За време на мојот престој во Македонија, уживав во културата разноликост и убавината на Македонија. Моите патувања минуваа во градови како Скопје (главниот град), Штип (каде што живеев), Струмица и Гевгелија.
Моето патување во Скопје помина во истражување на улиците и музеите. Поминав по стариот дел на градот, го поминав стариот мост и отидов до турската чаршија. Таму, за прв пат пробав вкусен Бурек. Посетив и некои цркви и џамии, гледајќи ги различните култури кои живеат во мир. Имав можност да ги посетам Археолошкиот музеј на Република Македонија и Музејот на македонската борба за независност. Денот го завршив со посета на Скопското Кале.
Струмица беше забавно искуство, каде што ја посетив со неколку пријатели и таму пиев пиво и имавме луда ноќ и забава во ноќните клубови и казината што ги нуди градот. Уживавме и во селата близу до градот.
Гевгелија беше град во кој застанав на моето патување кон Солун. Убав мал град со убава историја и добри луѓе, бидејќи тие ми помагаа да најдам превоз до Грција и додека чекав, ми набавија бесплатни пијачки и убав разговор за историјата на државата Македонија.

Porto, the city of Love and Romantism, Porto Wine (in memory of our Invicta city), Great football team, funny people, best gastronomy and history.
For anyone that has Porto as a destination, be ready for some great tips from someone that knows the city by hand.
First, the most important thing to see in the city is the old part of the city. Start by walking in the city center, where you can see the Livraria Lello, the place where Harry Potter was inspired, also being one of the oldest libraries in the world still working.

Порто, градот на љубовта и романтизмот, виното Порто (во спомен на нашиот град Инвикта), одличен фудбалски тим, забавни луѓе, најдобра гастрономија и историјата на Португалија.
За секој што го има Порто како дестинација, подгответе се за некои одлични совети од некој што го познава градот добро.
Прво, најважното нешто што треба да се види во градот е стариот дел на градот. Започнете со пешачење во центарот на градот, каде што можете да ја видите Livraria Lello, местото каде што бил инспириран Хари Потер, а исто така е една од најстарите библиотеки во светот што сè уште работи.



Livraria Lello



After, enjoy the big and tall tower of Clérigos, where you can go up to 75 meters to see Porto from up. They have a great view of Porto and you can also visit inside the curch.

Потоа, уживајте во големата и висока кула Клеригос, каде што можете да одите до 75 метри за да го видите Порто од висина. Тие имаат прекрасен поглед на Порто и можете да ја посетите и внатре во црквата.



Torre dos Clérigos

Take some time to enjoy the different parks and small streets where you can see how the locals live their lives in a city of more than 2000 years old. Going down, you arrive at Ribeira (Next to the River area) where you have the beautiful traditional houses and great restaurants to eat traditional food. Try Francesinha, you will thank me later.

Одвојте малку време за да уживате во различните паркови и малите улици каде што можете да видите како локалното население го живее својот живот во град стар повеќе од 2000 години. Одејќи надолу, пристигнувате во Рибеира (до областа на реката) каде што ги имате прекрасните традиционални куќи и одлични ресторани за да јадете традиционална храна. Обиди се со Франсиња, ќе ми се заблагодариш подоцна.



Фото: Типична храна од Порто
Photo: Typical food from Porto: Francesinha. Made with cheese, a looot of meat, bread, egg and secret sauce. The best combination ever.
Порто: Francesinha. Направено со сирење, плен месо, леб, јајца и таен сос. Најдобрата комбинација досега.



When the time comes for the sunset, just follow the stairs up and go to the Jardim do Morro, where you can see the sunset over the city of Porto, seeing the panorama of the city. Pass the bridge and finish your day by seeing the Church-Fortress of the Sй of Porto, with a 900 year history.
Кога ќе дојде време за зајдисонце, само следете ги скалите нагоре и одете до Jardim do Morro, каде што можете да го видите зајдисонцето над градот Порто, гледајќи ја панорамата на градот. Поминете го мостот и завршете го денот со гледање на црквата-Тврдината на Sé of Porto, со 900-годишна историја.



Pass our beautiful bridge underneath and enjoy some time in the Caves of Porto Wine, where you can learn the history of Porto Wine and taste the different flavors that are well known worldwide.
Поминете го нашиот прекрасен мост одоздола и уживајте во пештерите на Порто виното, каде што можете да ја научите историјата на виното Порто и да ги вкусите различните вкусови кои се добро познати низ целиот свет.



After that, enjoy a dinner listening to Fado, a traditional Portuguese Music and go out at night at one of the best cities to Party.
После тоа, уживајте во вечерата слушајќи ја Фадо, традиционална португалска музика и излезете навечер во еден од најдобрите градови за забава.





How do you perceive Shtip as a city?
The city is a different city from here i am from. Different cultures, people and languages give us a different perception of how we see things.
Градот е различен град од овде од каде што сум јас. Различните култури, луѓе и јазици ни даваат поинаква перцепција за тоа како ги гледаме работите.
I must point out the cultural shock of the city and how things work out here. But, with time, i got used to it, or Balkanized.
Морам да го истакнам културниот шок на градот и како стојат работите овде. Но, со текот на времето се навикнав или се балканизирав.
Shtip is a traditional city where young and old are present; past, present and future are together. Things that actually shocked me were the Taxi prices, they are so cheap. You can go anywhere in the city for 1 euro. That is great, from a European perspective.
Штип е традиционален град во кој се присутни млади и стари; минатото, сегашноста и иднината се заедно. Работите што всушност ме шокираа беа цените на таксито, тие се толку евтини. Можете да одите каде било во градот за 1 евро. Тоа е одлично, од европска перспектива.

Also, the food is great. I have tried some good restaurants with friends and i love it. Now, of course that is also something that caught my attention, that is the city is darker and quieter at night, except for one or two bars. You have less things to do, but not all of them are bad, if you want a drink, there are always stores open at night. For a student that studies at night, it is great news.
Исто така, храната е одлична. Пробав неколку добри ресторани со пријателите и ми се допаѓа. Сега, се разбира, тоа е нешто што ми го привлече вниманието, тоа е дека градот е помрачен и потивок ноќе, освен еден или два локали. Имате помалку работи, но не се сите лоши, ако сакате пијачка, секогаш има продавници отворени навечер. За студент кој учи ноќе, тоа е одлична вест.
Also, during the day, if you want to relax, just take a walk next to the river. It is great. The sound of the water and the two mountains next to it are a great place to relax and just
sit with your friends. Also, if something, go to the city center to drink coffe and see some people. Everyone is nice.
Исто така, во текот на денот, доколку сакате да се опуштите, само прошетајте покрај реката. Тоа е одлично. Звукот на водата и двете планини покрај неа се одлично место за одмор и едноставно седење со пријателите. Исто така, ако нешто, оди во центарот на градот да се напиеш кафе и да се видиш со луѓе. Сите се фини.



# ОДВОЈКАРСКИОТ КЛУБ УГД ГО ОСВОИ КУПОТ НА МАКЕДОНИЈА



Штип стана одбојкарски центар во Македонија. Градот беше домаќин на финалето на Купот во одбојка на Македонија за мажи за 2024 година. Добрите резултати на клубот во првенството и добрата организација на претходниот куп беше пресудно ОК УГД-Штип повторно да ја добие завршната организација на Купот. Одбојкарите на УГД за првпат во историјата го освоија Купот на Македонија. Тие со овој спортски резултат испишаа спортска историја за Штип. Во крајно возбудлив и неизвесен натпревар одбојкарите извојуваа победа од 3:2 во сетови, и по 10 годишна доминација на ОК Струмица ги симнаа од одбојкарскиот престол. Предводени од младиот одбојкарски стратег, Кристиан Ристески, одбојкарите на Штип УГД се закитија со титулата победник на Купот во одбојка за 2024 година. Тренерот Ристески ни изјави дека овој резултат на ОК УГД ја зголеми мотивацијата на раководството на клубот, така што., тоа си постави нови повисоки цели-освојување на шампионскиот трон во Македонија, но и одбрана на Купот.

Признанија и награди на ОК на УГД во 2024 година

Одличните резултати на одбојкарскиот клуб во 2024 година резултираше со награди и признанија за клубот и раководството. На денот на Универзитетот Гоце Делчев-, Ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски на клубот му додели Плакета за остварените резултати на ОК УГД и освоениот Куп.

Градоначалникот на општина Штип, Иван Јорданов, на Одбојкарскиот клуб на УГД им го додели високото општинско признание "Свети Никола", за постигнатите резултати на спортски план за 2024 година. Браво за ОК на УГД. Наградите и признанијата се во вистинск раце и се повеќе од заслужени. Резултатите тоа го покажаа.









# ЗАНИМЛИВ ОЛИМПИСКИ ПРЕСЕДАН








За првпат во историјата на олимпизмот се одржа натпревар во дисциплината маратонско пливање и тријатлон во река. Реката Сена, која минува низ Париз беше "домаќин" во двете спортски пливачки дисциплини. Ова натпреварување беше преседан во историјата на олимпизмот. На сите претходни Олимпијади овие дисциплини се одржаа во неистечни води (морињa и езера).

Реката Сена е забранета за капење од 1923 година, поради големата загаденост на водата и присуство на опасни бактерии. Организаторот на ЛОИ во Париз, заради атрактивноста на натпреварувањето, одлучи натпреварот во олимписки маратон и тријатлон да се одржи во Сена. За остварување на таа цел, организаторот вложи 1.4 милијарди евра за прочистување на Сена. Ваквата одлука на организаторот на Игрите беше многу храбар и неочекуван и со добра намера во интерес на доближување на овие пливачки дисциплини до публиката. И покрај, преземените мерки за нормално одвивање на натпреварувањето, сепак се одложија тренинзите поради загаденоста на Сена. Натпреварувањето протече со проблеми, бидејќи неколку пливачи за време на натпреварувањето доживееја непријатна ситуација. По завршување на трката неколку натпреварувачи имаа здравствени проблеми од нечистата вода.

# ИМИЊА НА СТАДИОНИ НА ПОЗНАТИ ФУДБАЛЕРИ



Постојат повеќе стадиони кои носат имињата на познати фудбалери. Тоа најчесто се фудбалери кои постигнале голем успех со клубот и репрезентацијата во кој играле и го задолжиле со успесите.

Најголемиот фудбалер на сите времиња бразилецот Пеле (Edson Arantes do Nascimento) има стадион во негова чест. Легендата на светскиот фудбал е единствен кој освоил три светски првенства во историјата. Стадионот во градот Мачејо’ во Бразил има капацитет од 20.000 места. На него играат локалните Клуб де Регатас и Алагоано. Името на легендарниот Пеле заслужува да го носи многу порепрезентативен спортски објект во Бразил и светот.

Стадионот на ФК Ајакс од Амстердам го носи името на долгогодишниот капитен на овој популарен клуб, Јохан Кројф, кој со Ајакс стана трикратен победник на Купот на европските шампиони (КЕШ) во 1971, 1972 и 1973 година., кој денес одговара на Лигата на шампиони.

Стадионот на ФК Црвена Ѕвезда од Белград го носи името на првиот капитен на овој клуб, Рајко Митич. Поради големите заслуги за клубот, стадионот на Црвена Ѕвезда е именуван во негова чест. Тој за овој клуб има одиграно 572 натпревари и има освоено пет шампионски титули. Рајко Митич по завршување на фудбалската кариера се бавел со спортско новинарство.

Стадионот на ФК Наполи од градот Неапол го носи името на Диего Марадона, кој со овој клуб двапати стана шампион на Италија и победник на Купот на УЕФА. Поради овие успеси стадионот беше именуван во Диего Марадона. Исто така, стадионот на Аргентинос јуниорс, клуб кој потекнува од предградието на Буенос Аирес, во кој играл и Марадона е именуван со неговот име.

Најголемиот стадион во Виена го носи името на легендарниот австриски фудбалер Ернст Хапел. Овој фудбалер освоил титули во четири различни земји и Куп на Шампиони (ЛШ) со два различни клуба. Во негова чест е наречен најголемиот стадинон во Виена на кој игра репрезентацијата на Австрија и дуели од финалето на Купот.

Стадионот во Кордоба, во Аргентина го носи името на познатиот аргентински фудбалер Марио Кепмпес, освојувач на титулата светски првак во фудбал во 1978 година, а воедно и најдобар стрелец на тоа светско првенство со шест постигнати голови.















Стадионот на ФК Кајзерслаутерн од истоимениот град го носи името Фриц Валтер, именуван по капитенот на овој клуб и репрезентацијата на Западна Германија со кој ја освоил светската титула во 1954 во Швајцарија.

Стадионот на ФК Ференцварош од Будимпешта го носи името Арена Ференц Пушкаш во чест на најдобриот фудбалер на овој тим. Подоцна Ф. Пушкаш својата кариера ја продолжи во кралскиот клуб Реал од Мадрид со кој освои неколку титули на КЕШ.

Националниот стадион во Бразилија го носи името Мане Гаринча (Manuel Francisco dos Santos), кој со националниот тим на Бразил има освоено две титули светски првак во фудбал (Шведска 1958 и Чиле 1962). Стадионот е отворен во 1974 година и имал капацитет 42.200 гледачи. За потребите на Светското првенство во фудбал во 2014 година стадионот е проширен со капацитет од 70.000 гледачи. Мане Гаринча играл на позицијата десно крило. Роден е со левата нога свиена кон внатра и десна нога му била 6 цм. пократка и свиена кон надвор. Многу го сметаат за најдобар дриблер на сите времиња во светот. Негов надимак бил птичка (мала птица).

Стадионот во градот Квангџу во Јужна Кореја го носи името Гус Хидинк, кој беше селектор на Холандија, Русија и Јужна Кореја. Беше тренер на Реал Мадрид, ПСВ Ајдховен, Фенербахче, Валенсија, Реал Бетис и др. Својата кариера ја започна во ФК Де Графшапс, Холандија. Стадион во Јужна Кореа кој има капацитет од 50.000 места, изграден во пресрет на Светското првенство 2002. Наречен е по холандскиот тренер Гус Хидинк кој како селектор и го донесе на Јужна Кореа 4. место на тој Мундијал. Хидинг бил повеќе познат како тренер отколку како фудбалер.

Тренинг центарот на ФК Реал во Мадрид го носи името на познатиот аргентински фудбалер Алфредо Ди Стефано, кој со овој тим во пеесетите и шеесетите години освои пет титули за Реал Европски првак во фудбал.

Стадионот во Милано има две имиња. Кога игра ФК Милан, стадионот се вика Сан Сиро, а пак, кога игра ФК Интер истиот стадион се вика Џузепе Меаца. Стадионот на ФК Интер го носи името на познатиот голман Џузепе Меаца кој бил член на репрезентацијата на Италија. Името го добива во 1980 година по неговата смрт. Со Италија освоил две титули светски првак во фудбал.






УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ